УНИБанка
Универзална Инвестициона Банка

CERTIFICATION INTERNATIONAL ISO 9001:2000 Cert № CI/8166 UKAS QUALITY MANAGEMENT 063

# ОПШТИ УСЛОВИ НА УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА ЗА РЕВОЛВИНГ КРЕДИТ КОЈ СЕ КОРИСТИ СО КРЕДИТНИ КАРТИЧКИ VISA и MASTERCARD

Донесени од Управниот Одбор на Банката

## 1) ВИДОВИ КАРТИЧКИ

- VISA® Classic
- VISA® Gold
- MasterCard® Standard
- MasterCard® Gold
- MasterCard® Business

## 2) ДЕФИНИЦИИ

- **Општи услови** – Општи услови на работењето на Универзална Инвестициона Банка А.Д. Скопје за револвинг кредити кои се користат со кредитните картички на УНИБанка;
- **Банка** - Универзална Инвестициона Банка А.Д. Скопје –УНИБанка;
- **Апликација** – барање за издавање на револвинг кредитна картичка, со чие потпишување се прифаќаат Општите услови;
- **Револвинг кредит** – вкупен износ на кредит со автоматско обновување, кој БАНКАТА го одобрува на корисникот на основната картичка;
- **Корисник на картичка** – корисник на основна и дополнителна картичка;
- **Корисник на основна картичка** – корисник на основна картичка е лицето чие име е напишано на картичката на кого БАНКАТА му одобрува револвинг кредит;
- **Корисник на дополнителна картичка** – корисник на дополнителна картичка е лицето чие име е напишано на картичката издадена на барање и со овластување на корисникот на основната картичка;
- **Картичка** – основна и дополнителна картичка што му ја издава БАНКАТА на основниот корисник и на негово барање и овластување на дополнителениот корисник на картичка, како и картичка што ја издава БАНКАТА на правен субјект, сопственик на сметка во БАНКАТА и која гласи на лице овластено по барање од тој субјект;
- **Банкомат** – самопослужувачки уред за исплата на пари во готово;
- **POS** – терминален уред инсталиран на продажни места или банкарски шалтери кој служи за електронско спроведување на трансакцијата;
- **PIN** – личен идентификационен број на корисникот на картичката, кој служи како идентификационен код при користење на банкоматот или POS уредот;
- **CHIP картичка** - пластична картичка во која е вграден интегриран chip, односно микро процесор со меморија и сите останати електронски кола што овозможува зголемена функционалност и сигурност, чување на информации и програми и изведување на логички операции;

- **Валута на кредитот** - МКД / Македонски денар – законско платежно средство во Република Македонија. Сите трансакции по револвинг кредитот ќе се извршуваат во денари;
- **Месечен циклус -** секој месец за кој БАНКАТА му издава извештај на КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА Првиот месечен циклус започнува на датумот на поднесувањето на апликацијата;
- **Месечен минимум за плаќање** - обврска која КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА е должен да ја измирува месечно на датумот на достасувањето на истата и претставува: процент од износот на искористениот револвинг кредит, но не помалку од определен фиксен износ денари, доколку месечниот минимум за плаќање е помал од тој фиксен износ на денари, 100% (сто проценти) од износот на пресметаните надоместоци и провизии кои произлегуваат од направените трансакции и 100% (сто проценти) од износот на пресметаната казнена и редовна камата;
- **Извештај** - месечно писмено известување од БАНКАТА, во кое се наведени износите на користениот кредит, вклучително и износите со датумите на достасаност, други содржини и податоци на извршени операции,пресметани надоместоци и други финансиски трансакции кои произлегуваат од функционирањето на картичката и револвинг кредитот;
- **Обезбедување** - меница, жирантство, гаранција, залог, хипотека или друго обезбедување побарани од БАНКАТА и доставено од КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА кое и овозможува на БАНКАТА да ги наплати сите свои побарувања по основ на револвинг кредитот, во случај на нередовно измирување на обврските по истиот од страна на КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА;
- **Плаќање** - подмирување на достасана обврска по основ на револвинг кредитот, согласно условите наведени во договорот за револвинг кредитот;
- **Работен ден** - секој ден во кој БАНКАТА и финансиските институции во Република Македонија работат и извршуваат финансиски операции;
- **Кредитна сметка/партија** е сметка која се води во БАНКАТА и која ја прикажува состојбата и промената на револвинг кредит;
- **Сметка за плаќање** е сметка со број која се води во БАНКАТА во име на КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА, на која се пренесуваат уплатените износи од КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА и од која БАНКАТА ги наплаќа достасаните побарувања по револвинг кредитот;
- **Тарифа** - нормативни акти на БАНКАТА донесени од органите на управување на БАНКАТА, со кои се одредува висината на трошоците и провизиите, користени од БАНКАТА при банкарските операции од овој Договор;
- **Дополнителни услуги** – услуги овозможени за корисниците на Gold (премиум) картички кои ги обезбедува Visa International / MasterCard International надвор од земјата, како на пример итно реиздавање на картичка, итно издавање на готовина над одобрениот кредитен лимит, обезбедување на контакт податоци или користење на правна и медицинска заштита и др.
- Термини употребени во еднина можат да се употребат и во множина и членувана форма, без притоа да го изгубат дефинираното значење.

## 3) ПРЕДМЕТ

- БАНКАТА врз основа на поднесена апликација му издава на КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА VISA® Classic/ VISA® Gold/ MasterCard® Standard/ MasterCard® Gold/ MasterCard® Business картичка и му одобрува револвинг кредит со лимит во МКД;
- Картичката е сопственост на БАНКАТА и не е пренослива на друго лице. Рокот на важноста на картичката е означаен на предната страна на истата. Тој рок автоматски се продолжува и се задолжува сметката на КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА со неопходните членарини и трошоци за обновување на картичката, согласно Тарифата на БАНКАТА;
- Доколку КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА не сака обновување на картичка, должен е до 45-тиот календарски ден, сметано наназад од последниот ден од месецот наведен како важност на картичката, писмено да ја извести БАНКАТА, да достави барање до БАНКАТА за раскинување на договорот и да ја врати картичката. Картичката се деактивира согласно процедурите на БАНКАТА;
- Секое лице кое ја користи картичката и соодветниот PIN /се потпише на белешката, ќе се смета дека е ополномоштено лице да ја користи картичката (независно од тоа дали е соодветниот КОРИСНИК НА КАРТИЧКАТА). БАНКАТА има право да ја задолжи кредитната сметка со сумата на извршените операции, која е активирана и електронски регистрирана по тој начин;
- КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА може да подигне пари во готово од револвинг кредитот на благајна само по авторизација на POS терминал;
- КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА има право да извршува безготовински плаќања и да подига пари во готово со користење на картичката до определените лимити од страна на БАНКАТА;
- БАНКАТА може еднострано да ги промени лимитите.

## 4) УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА КАРТИЧКАТА

- Средствата од одобрениот револвинг кредит се користат од страна на КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА со VISA® Classic/ Visa® Gold/ MasterCard® Standard/ MasterCard® Gold/ MasterCard® Business картичка, согласно општите услови и одредбите од договорот;
- Револвинг кредитната картичка на БАНКАТА е универзален иструмент за плаќање на стоки и услуги и за подигање на пари во готово од банкомати на сите места за исплата кои носат знак VISA® и MasterCard® во земјата и странство;
- КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА може да користи револвинг кредит до износот на одредениот кредитен лимит. Картичката може да ја користи исклучиво лице на чие име гласи картичката и тоа до истекот на рокот на важење означен на нејзината предна страна. Картичката не смее да се позајмува, префрлува или доставува на трети лица на каков и да е друг начин. Бројот на картичката не треба да се соопштува на трети лица;
- КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА е должен да ја чува картичката од грабеж, уништување, демагнетизирање и/или други механички оштетувања;

- КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА при користење на картичката на POS уреди кои читаат магнетна лента, го потврдува износот на плаќањето со потпис на белешката. При користење на терминалните уреди кои читаат CHIP картички се идентификува со идентификационен број (PIN)/потпис на белешката. Идентификационен број (PIN) БАНКАТА му дава на КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА и е познат само на КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА. (PIN)-от е комбинација од четири цифри и има дејство на правновалиден потпис и е строго доверлив. КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА не смее да го кажува PIN-от, да го запишува на картичката дури и во различен редослед или да го запишува на останатите документи. КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА е должен по приемот на PIN – от истиот да го запомни а веднаш потоа да го уништи, или да го промени примениот ПИН согласно правилата на БАНКАТА. Настанатата штета од злоупотребата на картичката и PIN-от е на товар на КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА;
- Стоките и услугите купени со картичката, КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА не смее да ги продаде или да ги врати за готовински надоместок;
- Не е дозволено картичката да се користи за купување на порнографски содржини, проституција, оружје, трговија со дрога и опојни средства како и за други незаконски дејства.
- Секое незаконско користење на картичката е на материјална, морална и кривична одговорност на КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА и се казнува со Закон;
- КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА е должен да ја употребува картичката во рамките на пропишаниот лимит, во спротивно БАНКАТА има право да ја блокира картичката и да побара наплата на сите достасани и недостасани обврски по револвинг кредитот;
- КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА Visa Gold/ MasterCard Gold може да користи дополнителни услуги надвор од земјата кои ги обезбедува Visa International/ MasterCard International. Цената на дополнителните услуги ја одредува Visa International/ MasterCard International и истата е различна во зависност од конретниот случај. КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА добива информација за цената на услугата при барањето на конкретната услуга.
- КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА во случај на промена на основните податоци (адреса на живеење или адреса за комуникација, име и/или презиме, и/или работодавец) и на сите други податоци што влијаат врз правото на користење на картичката, должен е веднаш за нив писмено да ја извести БАНКАТА. Во спротивно БАНКАТА може да му ги скрати корисничките права и да ги наплати сите трошоци настанати со користење на картичката, како и трошоците за пронаоѓање на КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА.

## 5) КАМАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

- За искористениот износ од револвинг кредитот, КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА и плаќа на БАНКАТА камата, која се пресметува и наплаќа месечно по стапка определена од БАНКАТА. Висината на каматната стапка

и начинот на пресметка се променливи согласно Политиката за висината на каматните стапки на БАНКАТА

- Камата на револвинг кредитот не се пресметува за износите од последниот извештај, доколку истите целосно се измират до наведениот датум на достасување. Пресметаните камати се наплаќаат од денот на евидентирањето на достасаните износи на кредитната сметка, до нивно конечно измирување;
- За секоја година на користење на картичката, Банката наплаќа годишна членарина. Годишната чланарина како и останатите надоместоци и провизии за користење на картичката се утврдени и променливи согласно промените во Тарифита на БАНКАТА, за што КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА со потпишување на Договорот е согласен да ги плаќа. Годишна членарина се пресметува и наплаќа месечно и истата се однесува и за дополнителниот корисник на картичката согласно со Тарифата на БАНКАТА. Тарифата на Банката и сите промени настанати во неа, достапни се на веб страната и во експозитурите на БАНКАТА.

## 6) ПЛАЌАЊЕ СО КАРТИЧКАТА

- При користење на картичката за плаќање на стоки и услуги на POS уреди, КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА е должен да ја провери белешката што му е дадена од трговецот и да ја потпише. Потписот на белешката треба да е ист со потписот на позадината на картичката. Трговецот има право од КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА да побара потврда на личниот идентитет;
- При плаќање на стоки и услуги порачани по телефон, факс, Интернет или слично, КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА ја извршува трансакцијата соопштувајќи го името, бројот на картичката и рокот на нејзината важност без да се потпишува;
- При плаќањето на Интернет наместо потпис во повеќето случаи се користи CVC2 или CVV – последните три коси цифри од кодот, испишани на лентата за потпис на позадината на картичката;
- Потпишувајќи ја белешката или внесувајќи го PIN-от или соопштувајќи го бројот на картичката и CVC2 или CVV, КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА го потврдува износот на плаќањето и ја овластува БАНКАТА да ја задолжи кредитната сметка и да ја одобри сметката на трговецот со износот на плаќањето;
- КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА се обврзува при купување на стока или услуги, да прими еден примерок од евиденцијата на трошоците /да потпише белешка, а кај писмените или телефонските нарачки да чува копија од порачката или бројот на порачката.

## 7) ВРАЌАЊЕ НА КРЕДИТОТ

- За сите плаќања и подигање на готовина во странство, пресметката и задолжувањето на кредитната сметка на КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКА се врши согласно договорот;
- Трошоците и провизиите за конверзија помеѓу валутите се на товар на КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКА;

- За сите плаќања и подигање на готовина во странство задолжувањето на кредитната сметка на КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКА е во МКД при што трансакцијата е превалутирана од валутата на трансакцијата во МКД со примена на курсни листи од меѓународни картични организации, освен ако не е поинаку уредено со Тарифата на БАНКАТА.
- На КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКА за секој месечен циклус му се пресметува определен процент од износот на искористениот револвинг кредит како задолжителен месечен минимум за плаќање. На денот на доспевање на обврската наведена во извештајот, БАНКАТА е овластена да ги товари сметките на КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА за износот на достасаниот долг;
- КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА се обврзува на денот на достасувањето на месечниот минимум за плаќање да обезбеди средства на својата сметка за негова отплата. Висината на процентот на задолжителниот месечниот минимум за плаќање на кредитот е променлива и ја одредува БАНКАТА во согласност со своите акти;
- КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКА може да уплати и поголем износ од месечниот минимум за плаќање одреден од БАНКАТА, односно да измири поголем дел од обврските по основ на револвинг кредитот или да го измири истиот во целост. Во тие случаи КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА ја известува БАНКАТА за намената на тие средства. КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА ја овластува БАНКАТА секоја уплата во корист на неговата сметка за плаќање а која се повикува како уплата по овој договор, да ја користи за предвремено враќање на искористениот револвинг кредит.
- Краен рок за плаќање на достасаните обврски по кредитот е согласно доставениот извештај;
- БАНКАТА со потпишувањето на договорот е овластена достасаните главници, камати и други трошоци да ги наплати со пренесување на средства од која било од сметките на КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА на сметка на БАНКАТА, и тоа на денот на достасувањето на обврската или наредниот работен ден ако денот на достасувањето е неработен;
- Кога КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА нема да ги измири во целост достасаните обврски по овој кредит со обезбедување на средства на неговата сметка, БАНКАТА ќе смета дека измирувањето не може да се реализира и КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА е должен истото да го направи со дополнителна уплата на средства и доставување налог, со назнака за измирување на достасаните обврски.

## 8) ОБВРСКИ НА КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА

- КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА се обврзува:

  а) да и ги врати основната и дополнителната картичка на БАНКАТА по истекот на нивната важноста, по барање на БАНКАТА и во случаи согласно општите услови и условите наведени во Договорот;

  б) при откажување на картичката, должен е до 45-тиот календарски ден, сметано наназад од последниот ден од месецот наведен како важност на картичката, писмено да достави барање до БАНКАТА и да ја врати картичката. Картичката се деактивира согласно процедурите на БАНКАТА;

б) навремено да обезбедува средства по сметката за плаќање, со цел измирување на обврските по кредитот согласно добиениот извештај од БАНКАТА;
в) на барање на БАНКАТА да достави документација која е од значење за банкарска анализа;
г) да не ја користи картичката на начин кој ќе го наруши девизниот режим во Република Македонија;
д) КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА ја овластува БАНКАТА да ги доставува податоците за состојбите, операциите и другите податоци за неговата кредитна сметка на соодветниот процесинг центар во земјата/ странство, вклучително податоци за лимитите по картичката.

**9) ОБВРСКИ НА БАНКАТА**

- БАНКАТА се обврзува да му овозможи користење на револвинг кредитот на КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА, согласно општите услови и условите предвидени во Договорот.

**10) ИЗМЕНА НА УСЛОВИТЕ**

- БАНКАТА спрема КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА ги применува меѓународните правила на работење на VISA или MasterCard International, општите правила и услови на БАНКАТА за работење со кредитни картички и останатите акти на БАНКАТА.
- Во случај на промена на меѓународните правила на работење на VISA или MasterCard International, општите правила и услови на БАНКАТА за работење со кредитни картички и останатите акти на БАНКАТА, КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА е согласен БАНКАТА да ги применува измените.
- За сите евентуални измени на условите на револвинг кредитот и картичката, БАНКАТА ќе го информира КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА со известување преку интернет или со писмена објава во просториите на БАНКАТА.

**11) РЕКЛАМАЦИИ**

- Во случај кога КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА го оспорува плаќањето со картичката извршено за негова сметка во корист на трето лице, од следните причини: плаќањето да не е извршено од него, плаќањето да е извршено со фалсификувана картичка, да не е подигната стоката, да не е извршена услугата или друго, а од кое плаќање за КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА се создава право да претендира враќање на неосновано платената сума, БАНКАТА се задолжува да помогне за разрешувањето на случаевите на оспореното плаќање по ред и во рок определен од VISA или MasterCard International;
- Сите рекламации поврзани со картичката се пријавуваат на адресата на БАНКАТА. Оспорувањето на трошокот, КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА е должен да го направи по писмен пат во рок до 10 работни дена од датумот на испраќањето на извештајот на кој се однесува

оспорувањето. За решавање на рекламацијата, КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА е должен да ја приложи целата документација која е поврзана со рекламацијата, најдоцна 30 дена од датата на извештајот. Во спротивно ќе се смета дека КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА ги признава трошоците наведени во извештајот;

- Оспорувањето на трошоците не го одлага нивното подмирување;
- БАНКАТА не превзема одговорност за стоката или услугата купена со картичката, за валидноста на добиените информации или неприфаќањето на картичката од страна на некое продажно место;
- Доколку се докаже дека рекламацијата е основана, БАНКАТА го враќа веќе наплатениот спорен износ на сметката на КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА;
- Рокот за решавање на случајот на рекламацијата го одредува БАНКАТА во согласност со правилата на VISA или MasterCard International;
- За обработка на рекламација (основана или неоснована), БАНКАТА на КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА му наплаќа соодветен трошок согласно со актите на БАНКАТА.

## 12) ГУБЕЊЕ И ОШТЕТУВАЊЕ НА КАРТИЧКАТА

- Во случај на губење или кражба на картичката, КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА е должен веднаш да се јави во:
  Процесинг центарот (24 часа): +389 2 3293 888 или
  УНИБанка (работно време): +389 2 3286 155.
- Корисникот на картичката е должен, писмено да ја извести БАНКАТА, во рок од 30 работни дена од датата на пријавување на губење или кражба на картичката за некоја од следните ситуации:
  - Дека аплицира за издавање на нова картичка; или
  - Дека не сака издавање на нова картичка, по што се применува процедурата и условите за раскинување на договорот.

  Доколку КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА писмено не ја извести БАНКАТА се смета дека КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА го раскинува договорот за кредитна картичка по што се применува процедурата и условите за раскинување на договорот.
- Доколку КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА ја пронајде истата во рок подолг од 24 часа од пријавата за нејзиното исчезнување, тој истата не смее да ја користи и е должен да ја достави на наведената адреса од БАНКАТА;
- Во случај КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА да ја најде истата во рок од 24 часа по пријавата за нејзиното исчезнување, должен е да во истиот тој рок писмено го повлече погоре спомenатото пријавување. Во тој случај БАНКАТА ќе го деблокира користењето на картичката;
- КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА има право да побара картичката да биде ставена на листата на блокирани картички, за што трошоците паѓаат на негов товар. Ефективното блокирање на картичката за сите on-line операции БАНКАТА се обврзува да го изврши во рок од 5 часа од моментот на пријавувањето, а за сите off-line и други операции ефективното блокирање на користењето на картичката преку MasterCard International БАНКАТА го извршува во рок до 11 дена од денот на пријавувањето, а за картички преку VISA БАНКАТА го извршува во рок до 19 дена од денот на пријавувањето;

- За сите настанати трансакции со картичката во периодот од пријавувањето до ефективното блокирање, КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА е согласен БАНКАТА да ја задолжи неговата кредитна сметка;
- Во случај на основано сомнение дека се работи за кражба, КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА е должен случајот да го пријави кај надлежните органи во најкус можен рок;
- При оштетување на на картичката КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА има право да побара обнова на старата пред истекот на рокот на важење, за што ги измирува трошоците според Тарифата на БАНКАТА;
- Во случај на задржување на картичката во банкомат  заради технички причини на банкоматот или механички причини на картичката, КОРИСНИКОТ НА КАРТИЧКАТА е должен да ја извести БАНКАТА.